ОПШТИНА ПРИЛЕП
-Сектор за урбанизам-
Бр. 10-1231/5
11.11.2025 г.
ПРИЛЕП

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Измена и дополнување на генерален урбанистички план на град Прилеп, Општина Прилеп (плански период 2013-2023г.) - текстуален дел од планска документација |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови ЈП за ПУП Прилеп |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Прилеп |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Бранко Нешкоски д.и.а. |
| Назив на работното место | дипломиран инженер архитект - овластен планер, овластување бр.0.0084 |
| Контакт податоци за лицето | Бранко Нешкоски 070 386 766; jpzapup.pp@gmail.com |

| **Основни податоци за планскиот документ** | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Законот за урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РСМ" бр.32/20 и Законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" број 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање – („Сл. Весник на РСМ" бр.225/20, 219/21, 222/15, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25), | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒<br>Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| Измена и дополнување на ГУП за град Прилеп, со плански период 2013-2023 година одобрен со Одлука на Советот на Општина Прилеп бр.25-2888/5 од 28.12.2015 год.<br>Измената и дополнувањето на текстуалниот дел од планската документација е во делот на следните плански одредби кои се однесуваат на:<br>- Измена на планска одредба која се однесува на густина на населеност во основните класи на намена А0, А1, А2 и А3, кои припаѓаат на групата на класа на намена А;<br>- Измена и дополнување на планска одредба за утврдување на граница на плански опфат за изработка детален урбанистички план;<br>- Дополнување со планска одредба за примена на ДУП донесен пред влегување во сила на важечкиот ГУП;<br>- Дополнување со планска одредба заУчеството на групите на класи на намени В-Јавни институции и Д-Зеленило, без ограничувања може да се планира и зголемува за сметка на други намени;<br>- Измена и дополнување на планска одредба со која се овозможува градежни парцели со основна класа на намена А2 да се планираат во површината на планираните блокови согласно предметниот ГУП, доколку може да се создадат урбанистичко архитектонски и инфраструктурни услови за нивна реализација, а кои се однесуваат на растојанија до соседни градежни парцели, максимална височина на градбите и пристап од категорозирана секундарна улична мрежа, за функционирање на градбата во неа, односно одвивањето на човечките активности и дејности без нарушување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните;<br>- Дополнување со плански одредби од доменот на електроснабдувањето, јавното осветлување и електронски комунаикации согласно Закон за енергетика. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| Да, просторно и урбанистичко планирање. | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: | Точка: | Алинеја: |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува | | | |

| |
|---|
| потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| Не |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Не |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Една од главните цели на предметниот план е Изменување и дополнување, односно усогласување на основните параметри за уредување на просторот со одредби за непречено спроведување на ГУП за град Прилеп, со плански период 2013-2023 година одобрен со Одлука на Советот на Општина Прилеп бр.25-2888/5 од 28.12.2015 година. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Просторно и урбанистичко планирање |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 2013-2023 |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| Не е предвидено ревидирање. |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Просторот кој е предмет на изработка на оваа планска документација е планскиот опфат на важаечкиот ГУП за град Прилеп, со плански период 2013-2023 година одобрен со Одлука на Советот на Општина Прилеп бр.25-2888/5 од 28.12.2015 год. |



| |
|---|
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☐<br>Не ☒ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

<table>
<tr><td colspan="2">Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Влијанијата кои се претпоставува дека може да произлезат од имплемантацијата на планскиот документ може да се разгледуваат од аспект како негативни влијанија кои би се јавиле при реализација на изградба на јавни површини, градби на парцелирано градежно земјиште од јавен и профан карактер, штоо же произлезе од реализацијата на деталните урбанистички планови, но и позитивни влијанија односно бенифити кои ги носи урбанизацијата во смисла на хуманизација на просторот за живеење.</td></tr>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата;</td><td>Не постои веројатност дека усвојувањето на оваа планска документација ќе има негативни влијанија врз животната средина во фазата на негово спроведување преку изработка на урбанистичко плански документации.<br>Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.<br>Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација на објектите се проценуваат како не значајни.</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>За оваа планска документација е изработен извештај за стратегиска оцена на генерален урбанистички план за град Прилеп врз животната средина од март 2011 и издадено Мислење по Извештај за стратегиска оцена на животната средина бр.08-2743/4 од 29.04.2011 год. од Министерство за животна средина и просторно планирање.</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата;</td><td>Од овој план не се очекуваат прекугранични влијанија.</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);</td><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина се опфатени со извештајот за стратегиска оцена на генерален урбанистички план за град Прилеп врз животната средина од март 2011 и издадено Мислење по Извештај за стратегиска оцена на животната средина бр.08-2743/4 од 29.04.2011 год. од Министерство за животна средина и просторно планирање.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Просторот дефиниран за изработка на измена и дополнување на генерален урбанистички план на град Прилеп, Општина Прилеп (плански период 2013-2023г.) - текстуален дел од планска документација е со површина од 1928,80 ха, со големина на популација од 69025 согласно пописот од 2021 год. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Со донесувањето на планската документација измена и дополнување на генерален урбанистички план на град Прилеп, Општина Прилеп (плански период 2013-2023г.) - текстуален дел од планска документација ќе дојде до зголемени економски ефекти и во крајна мера обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот.<br>Обемот и динамиката на планското решение ќе го дефинира Општината според интересот и можностите за финансирање. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Донесувањето на планската документација во кој се предвидува измена и дополнување на генерален урбанистички план на град Прилеп, Општина Прилеп (плански период 2013-2023г.) - текстуален дел од планска документација, ќе се рефлектира на економскиот развој во градот Прилеп. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | За планскиот опфат измена и дополнување на генерален урбанистички план на град Прилеп, Општина Прилеп (плански период 2013-2023г.) - текстуален дел од планска документација се изработени Заштитно конзерваторски основи за генерален урбанистички план на град Прилеп, изработени од Национална установа, Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп од февруари 2009 год. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Земјиштето за кое ќе се изработува урбанистички планска и урбанистичко проектна документација е градежно земјиште со утврдени класи на намени. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Према заклучокот од анализата на постојната состојба, потребите и барањата од корисниците на просторот и поставките и насоките дадени со Генерален | |

| |
|---|
| урбанистички план за град Прилеп и  можностите за просторен развој треба да се движат во насока на:<br>• рационално искористување на градежното земјиште;<br>• решавање на сообраќајот и сообраќајот во мирување (паркирање);<br>• оптимално димензионирање на комуналната инфраструктура.<br>Измена и дополнување на генерален урбанистички план на град Прилеп, Општина Прилеп (плански период 2013-2023г.) - текстуален дел од планска документација, треба да предложи развој што ќе овозможи подинамичен степен на спроведување на генералниот урбанистички план, односно донесување на детални урбанистички планови. |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>За оваа планска документација е изработен извештај за стратегиска оцена на генерален урбанистички план за град Прилеп врз животната средина од март 2011 и издадено Мислење по Извештај за стратегиска оцена на животната средина бр.08-2743/4 од 29.04.2011 год. од Министерство за животна средина и просторно планирање. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Донесувањето на оваа планска документација ќе има незначителни влијанија кои се огледаат во следните области од животната средина:<br><br>- воздух- активностите за изградба на предвидените објекти и нивното функционирање незначително ќе влијаат врз квалитетот на воздухот понатаму со нејзиното секојдневно функционирање.<br><br>- бучава- се очекува зголемено ниво на бучава на предметната локација  само во фазата на реализација на проектот, но не и во фазата на експлоатација на истата.<br><br>- отпад- во фазата на реализација и експлатација на содржините предвидени во рамките на предметната локација се очекува зголемување на количеството на продуциран отпад. Доколку со истиот не се постапува согласно позитивните законски норми, може да бидат предизвикани значајни влијанија врз медиумите од животната средина (почва, подземни води, воздух итн.);<br><br>-флора и фауна- реализацијата на објектите предвидени во планскиот опфат нема да доведе до деградирање на живеалиштата на одредени видови фауна, и прекинување на ареалите на движење. Динамиката на ваквите влијанија ќе зависат од динамиката на реализирање на комплексот.<br><br>Негативните влијанија ќе бидат локални, но не се очекува да бидат значителни. |

| |
|---|
| Во пределот кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат не се евидентирани карактеристични видови од флора и фауна, ендемични и загрозени видови, како и карактеристични живеалишта.<br><br>Од аспект на оддржливост, одобрувањето на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за објект со намена Г2.1-лесна градежна индустрија со производство на градежни елементи на КП 915/4-дел КО Беровци, Општина Прилеп , позитивно ќе влијае врз:<br>- обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот,<br>- зголемување на доходот по глава на жител и стапката на економски раст, како и<br>- зголемување на нивото на животен стандард во општината.<br><br>Предвиденото планско решение како алтернатива дава широки можности за заживување и иден развој на поширокиот простор на локацијата во разни насоки, односно дава можност просторот од неизградено земјиште да прерасне да прерасне во простор кој ќе даде придонес за развој на локалната и националната економија. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Од еколошки аспект, значајни се следните влијанија кои може да бидат предизвикани врз животната средина:<br>- загадување на површинските и подземните води (доколку не се придржува инвеститорот до предвидените проекти за водоводна мрежа и фекална и атмосферска канализација);<br>- зголемување на нивото на бучава (предизвикано од градежните активности, како и од сообраќањето на возилата во фаза на експлоатација);<br>- зголемување на количината на продуциран отпад (како во фаза на реализација, така и во фаза на експлатација на објектите предвидени во планскиот опфат); |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>За оваа планска документација е изработен извештај за стратегиска оцена на генерален урбанистички план за град Прилеп врз животната средина од март 2011 и издадено Мислење по Извештај за стратегиска оцена на животната средина бр.08-2743/4 од 29.04.2011 год. од Министерство за животна средина и просторно планирање. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ. |

| | | |
|---|---|---|
| Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ биле предмет на оцена во поранешната фаза на  неговото донесување. | | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>За оваа планска документација е изработен извештај за стратегиска оцена на генерален урбанистички план за град Прилеп врз животната средина од март 2011 и издадено Мислење по Извештај за стратегиска оцена на животната средина бр.08-2743/4 од 29.04.2011 год. од Министерство за животна средина и просторно планирање. | | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. | |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | | Градоначалник,<br>Дејан Проданоски |
| Датум 11.11.2025год.<br>Место Прилеп | | М.П. |